ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-1676/9
Датум: 10.12.2024
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г2.6 – ЗГРАДИ ОД ИНДУСТРИЈА ЗА БЕЛА ТЕХНИКА, ЕЛЕКТРОНИКА И ПРЕДМЕТИ ЗА ДОМАЌИНСТВО (ПРОИЗВОДСТВО, СКЛОПУВАЊЕ И ДОРАБОТКА) СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ НА КП 567/1, КО БАРДОВЦИ И НА ДЕЛ ОД КП 567/3, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во границата на опфат влегува КП 567/1, КО Бардовци и на дел од КП 567/3, КО Бардовци, Општина Карпош и во тие граници зафаќа површина од 11677м2 или 1,17 ха.

Предмет на изработка ќе биде оформување на нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела, и формирање на регуларен пристап до локацијата, и во рамки на опфатот зафаќа површина од 11677м2 или 1,17 ха.

Сообраќајниот пристап е овозможен преку постоен некатегоризиран пат на КП 2237, КО Бардовци од западната страна на проектниот опфат и истиот ќе се користи за пристап до градежната парцела.

Границата на предметниот опфат е со следниве координати:

| N | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7532558.71 | 4654950.82 |
| 2 | 7532559.71 | 4654991.42 |
| 3 | 7532562.88 | 4654986.5 |
| 4 | 7532562.97 | 4654991.73 |
| 5 | 7532563.29 | 4655001.54 |
| 6 | 7532555.47 | 4654999.24 |
| 7 | 7532549.49 | 4654995.7 |
| 8 | 7532541.17 | 4654988.31 |
| 9 | 7532534.78 | 4654980.56 |
| 10 | 7532527.14 | 4654970.08 |
| 11 | 7532519.72 | 4654957.13 |
| 12 | 7532512.01 | 4654942.29 |
| 13 | 7532510.18 | 4654939.048 |
| 14 | 7532513.913 | 4654936.853 |
| 15 | 7532494.91 | 4654904.54 |
| 16 | 7532469.95 | 4654859.59 |
| 17 | 7532454.1 | 4654832.08 |
| 18 | 7532443.39 | 4654807.85 |
| 19 | 7532540.42 | 4654817.36 |
| 20 | 7532556.28 | 4654818.74 |
| 21 | 7532557.36 | 4654889.11 |

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 11677м2 или 1,17 ха.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2.6 – Згради од индустрија за бела техника, електроника и предмети за домаќинство (Производство, склопување и доработка) со придружни содржини на КП 567/1, КО Бардовци и на дел од КП 567/3, КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веb страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 12.12.2024 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа
Одобрил:
Раководител на Сектор,
Благица Блажевска, диа